**20121383388**

**ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 9 октомври 2012 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011 и 181/2011), во член 2, во табелата со поднаслов - здравствени услуги интерна медицина, после услугата АИМ10- Доплер на артериски крвни садови (нозе или раце) се додава следната табела:

| Шифра | ИНТЕРНИСТИЧКИ УСЛУГИ ОД ПУЛМОЛОГИЈА | Референтна цена |
|---|---|---|
| АИМ11 | Епикутан тест (до 30 теста) | 490 |
| АИМ12 | Тест по Прик (до 20 теста) | 490 |
| АИМ13 | Неспецифичен бронхопровокационен тест | 460 |
| АИМ14 | Комплетна спирометрија | 280 |
| АИМ15 | Спироергометрија | 680 |
| АИМ16 | Спироергометрија со НБПТ | 800 |
| АИМ17 | Бронхоскопија | 2.500 |
| АИМ18 | Бронхоскопија со биопсија | 2.700 |

После услугата АИМ30 – Пункција на стернум, се додава следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| АИМ31 | Гасни анализи | 550 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-18500/4
9 октомври 2012 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.